UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Економија (2025/2026)** |
| Факултет | Бизнис и економија |
| Циклус на студии | Трет циклус (докторски) |
| ЕКТС | 180 |
| Код | PhD-EC-180 |
| Титула | Доктор по економски науки - Насока: Економија |
| Архивски број на акредитација [180] | 03-2379/1 |
| Архивски број на акредитација [] | |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 09.07.2025 |

## Опис на програмата

Целите на програмата се:
- Подигнување на нивото на управување и раководење на претпријатијата и развој на современиот менаџмент;
- Оспособување и развивање менаџери од современ профил: претприемачи, подготвени да преземаат акции, но и ризици кои се поврзани со секоја иницијатива, флексибилни, решителни и храбри личности;
- Образование на високо квалификувани и професионални менаџери со лидерски способности и со желба за справување со предизвиците на новиот милениум;
- Креирање менаџери со нови погледи и начин на размислување, развивање способности за предвидување на иднината и прифаќање на предизвиците и можностите кои ги нуди бизнисот во 21. век.

## Кариера

Кариера
По успешно завршување на програмата, студентите ќе можат:
- Индивидуално и групно да работаат на истражување на најсоодветните форми на исполнување на потребите на населението.
- Да ги елаборираат, од научен и од професионален аспект, разликите и потребите на заедницата.
- Активно да бидат вклучени во изградбата на макроекономската и микроекономската политика.
- Да бидат информирани и да придонесуваат во научните и во професионалните елаборати.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

Пресметка на основните макроекономски агрегати и критичка анализа на постојните макроекономски политики.
Давање критички осврт на развојните политики и на нивната примена во националното стопанство.

**Примена на знаењето и разбирањето**

Можноста за дијагностицирање на реалните пазарни случувања, предвидување на тенденциите на тие случувања како и анализирање на ефектите на преземените мерки на економската политика врз пазарните движења.

**Способност за проценка**

Способни да бидат позицијата на лидери во профитабилни и во непрофитабилни организации во земјава и насекаде низ светот.
Анализа на општите процеси на економскиот развој во светот и посебно процесите на транзиција, регионализација и на глобализација на светските економски текови.

**Комуникациски вештини**

Овозможување на развој на лични способности, на комуникација, на истражувања и на други значајни способности кои се потребни за вработување.
Овозможување на студентите активно да се вклучат во предавањата и да вршат независно истражување во сите области на бизнис и економија.

**Вештини на учење**

Развивање на концептот на критичко размислување на студентите.
Овозможување за стекнување истражувачки способности и искуство за претприемништвото, менаџментот, маркетингот и за финансиите во јавните, во приватните и во непрофитабилните организации

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [C2012] [10.0 ЕКТС] **Квантитативни методи на истражување**
- [C2013] [10.0 ЕКТС] **Општа економија и теорија**
- [C2014] [10.0 ЕКТС] **Економија на однесување на животната средина**

### Семестар 2

- [DBE0105] [10.0 ЕКТС] **Прифаќање и одобрување на планот за докторската дисертација**
- [10.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [10.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 3

- [PHD-S3-S4-01] [40.0 ЕКТС] **Научно-истражувачка работа**

### Семестар 4

- [PHD-S3-S4-02] [15.0 ЕКТС] **Публикации I**
- [C2016] [5.0 ЕКТС] **Студентска мобилност**

### Семестар 5

- [DBE0104] [20.0 ЕКТС] **Презентација на резултатите од истражувањето**
- [PHD-S5-01] [10.0 ЕКТС] **Публикации II**

### Семестар 6

- [C2599] [30.0 ЕКТС] **Докторска дисертација**

## Description of courses

## Задолжителни предмети

- **Квантитативни методи на истражување**
Во фокусот на предметот се квантитативните истражувачки методи повеќе од филозофијата на истражувањето. Во рамките на предметот се покриваат квантитативните методи и истражувачките техники кои се применуваат на сите области на економската наука. Цел на овој предмет е студентите да научат да направат истражување и да употребуваат соодветни истражувачки квантитативни методи за нивна цел. Исто така предметот е дизајниран за индивидуите кои имаат потреба да направат истражување во општествените науки како дел од нивните академски истражувања или професионални истражувања. Покрај тоа, во рамките на предметот тие ќе научат инструменти и техники преку кои ќе се зголеми веројатноста за успешно да ја комплетираат нивната истражувачка теза во соодветно време. На крај, преку овој предмет студентите ќе добијат доволно знаења и вештини и аналитички инструменти и техники за да бидат пософистицирани во користењето на овие методи при истражувањето во општествените науки (економија, финансии, менаџмент и маркетинг).

- **Општа економија и теорија**
Целта на овој предмет е студентите да ги разберат напредните принципи на економијата и современите теми. Овој предмет ќе им помогне на студентите во одлучувањето за нивната област на интерес на истражување. Поточно, целите на предметот Општа економија и теорија се да им овозможат на студентите: - Да ги разберат микроекономските и макроекономските теории и концепти и нивната примена во реалниот свет. - Да го разберат влијанието врз поединците и врз општествата низ економските интеракции меѓу нациите. - Да развијат свесност за развојните проблеми со кои се соочуваат народите, додека минуваат низ процесот на промена.

- **Економија на однесување на животната средина**
По завршувањето на овој предмет, докторандите ќе бидат способни да: - Развиваат и критички да оценуваат бихевиорални економски модели: да градат и критички да оценуваат напредни економски модели кои инкорпорираат бихевиорални фактори, оценувајќи ја нивната релевантност во одлучувањето поврзано со животната средина. - Спроведат експериментални истражувања: да дизајнираат и спроведуваат експерименти за тестирање хипотези за човечкото однесување во економијата на животната средина. - Анализираат комплексни бихевиорални интеракции: разбираат и применуваат теории за тоа како когнитивните пристрасности, социјалните преференции и нормите влијаат на колективните акции во животната средина. - Оценуваат рамки за политики: критички да оценуваат политики поврзани со животната средина, користејќи увиди од бихевиоралната економија, со акцент на примената во реалниот свет. - Придонесат во научната дебата: преку вклучување во напредната научна литература во бихевиоралната економија и економијата на животната средина, придонесувајќи со оригинални истражувања и увиди во областа.

- **Прифаќање и одобрување на планот за докторската дисертација**
По првиот семестар, студентот ги започнува активностите за составување на својот план за докторската дисертација. Активностите вклучуваат: одредување на литературата, составување хипотетичка рамка, дефинирање на методологијата за работа и определување индивидуален план како и прва јавна презентација. По потреба може да се организираат и изборни предмети за оваа цел.

- **Научно-истражувачка работа**
Во втората година (3 и 4 семестар) докторандот продолжува со својата научно-истражувачка дејност според одобрениот индивидуален план. Менторот дава процена во врска со овие активности.

- **Публикации I**
Публикации (издавање) на истражувачките активности според критериумите на релевантност на издавачкиот медиум. Издавачките активности и успеси на кандидатот се проверуваат пред научниот аудиториум - за областа и релевантноста на истражувањето.

- **Студентска мобилност**
Во текот на четвртиот семестар студентот треба да реализира мобилност во научна или во друга релевантна институција во траење од најмалку една недела надвор од državава. Целта на мобилноста на докторандите е да ја презентираат, разменат и дискутираат својата истражувачката работа со колеги од други земји за подобрување на квалитетот дисертацијата. За реализираната мобилност студентот до менторот доставува

потврда од институцијата.

- **Презентација на резултатите од истражувањето**
  На крајот на 5. семестар, по истражувачките активности предвидени во индивидуалниот план, кандидатот ќе ги презентира јавно вкупните резултати од оваа фаза на трудот и од истражувањето.

- **Публикации II**
  Публикации (издавање) на истражувачките активности според критериумите на релевантност на издавачкиот медиум. Издавачките активности и успеси на кандидатот се проверуваат пред научниот аудиториум - за областа и релевантноста на истражувањето.

- **Докторска дисертација**
  Продолжување на работата на докторската дисертација. Се предава тезата (дисертацијата), се прифаќа од Наставно-научниот на Факултетот, се предава на членовите на комисијата и започнува процедурата за јавна одбрана.

## Изборни предмети

- **Напредна економетрија**
  Преку овој предмет студентите се запознаваат со современите економетриски методи и со практичната примена на овие методи користејќи СТАТА 17 и Eview. Предметот содржи 4 дела. Во првиот дел се вклучени прашањата од статистичката математика, како статистички заклучоци и теоријата максимална веројатност, во вториот дел прашањата на линеарните модели како простата и повеќекратната линеарна регресија, инструментални променливи, во третиот дел се вклучени нелинеарните модели како нелинеарните методи на најмалите квадрати и генерализираниот метод, а во четвртиот дел временските серии како стационарниот и стохастичкиот процес, моделот ARIMA (p, d, q) и векторскиот авторегресионен модел (VAR) и (VECM).

- **Монетарна економија**
  Предметот има за цел студентите да: - Развијат длабоко разбирање за тоа како монетарната политика влијае врз реалните и финансиските сектори во затворени и отворени економии, со акцент на теоретски модели и емпириски докази. - Ги истражат најсовремените теории во монетарната економија, вклучувајќи ги новите Кејнзијански модели, улогата на политиката на централната банка во стабилизирање на економијата и интеграцијата на монетарната и на фискалната политика. - Ги научат алатките за критичка процена на политиките на централната банка, таргетирањето на инфлацијата и мерките за финансиска стабилност во развиените економии и пазарите во развој. - Се вклучат во современите истражувања во монетарната економија, со фокус на клучни дебати како што се проблемот со долната нулта граница, неконвенционалните монетарни политики (на пр., квантитативно олеснување) и дигиталните валути. - Ги подготви студентите за спроведување на оригинални истражувања во монетарната економија преку примена на напредни квантитативни методи и емпириски алатки.

- **Јавни финансии**
  Цели на предметот се: Студентите да стекнат знаења за напредните теории и применети аспекти на Јавните финансии, како еден од главните столбови на макроекономските политики и основен инструмент на функционирањето на една национална економија во целина и како потсистем на еден економски систем во земјава. Студентите да здобијат знаења за фискалните функции и инструментите за нивна реализација. Врз основа на применети знаења и да стекнат знаења за оптимално дизајнирање на јавните финансии во различни услови и околности на економски циклуси. Исто така, да стекнат знаења за карактеристиките и спецификите на јавните добра и трошоци за нивно обезбедување, теории на јавен избор, индиферентност и преференции, карактеристики, редистрибуција на општествениот доход, распределба и прераспределба на приходите, социјално осигурување и расходи за истите, анализа на трошоци и придобивки, социјален систем на приход, даночен систем и нивната структура, компаративните аспекти на јавните финансии во развиените земји и земјите во транзиција, спецификите на фискалниот систем на РСМ, трендовите и предизвиците, фискалната децентрализација итн. Студентите ќе ги стекнат потребните стручно применети знаења во однос на изборот на алтернативи и нивно рационално буџетирање, како на ниво на централните така и на локалните јавни финансии.

- **Меѓународна економија**
  Предметот меѓународна економија има за цел студентите да стекнат сеопфатно разбирање на теориите и концептите кои ја поткрепуваат меѓународната трговија и финансии. Ќе се истражуваат причините и последиците од трговијата меѓу народите, улогата на меѓународните институции и влијанието на глобализацијата врз економската политика. Во рамките на предметот ќе бидат опфатени и теми како што се трговската политика, девизниот курс, билансот на плаќања и функционирањето на меѓународните монетарни системи. Преку теоретска анализа и реални студии на случај, студентите ќе ги развијат вештините за критички да ги проценат глобалните економски трендови и одговорите на политиките.

- **Меѓународни финансии**
  Цели на предметот е да се даде вовед во меѓународните финансиски менаџмент и да се дебатира зошто е важно да се студираат меѓународните финансии, а посебно да се направи разлика на меѓународните и домашните финансии. Во рамките на предметот исто така се воведуваат и различни видови на меѓународни монетарни системи под кои светската економија може да работи и функционира во различни времиња. Покрај тоа ќе се дискутира за Европската монетарна унија, концептите на билансот на плаќање и сметководство. Во овој предмет е вклучен и преглед на корпоративното управување во светот, структурата на корпоративното управување во голема мера се разликува од земја до земја, како одраз на различни културни, економски, политички и правни системи.

- **Финансиска економија**
  Во рамките на овој предмет се развиваат теоретските и практичните знаења во областа на економијата и финансиите со посебен осврт кон нивната интерактивност. Целта на предметот е внимателно изучување на теоретската основа на финансиската економија. Предметот има за цел развивање на способности кај кандидатите на докторски студии во насока да: - Го вреднуваат придонесот на различните економски теории врз економскиот раст и развој. - Го утврдуваат влијанието на финансиските пазари врз економијата. - Користат инвестиции, портфолио и теорија на корпоративните финансии. - Ги разберат и практично да ги применуваат техниките за вреднување на средствата. - Ги оценуваат структурите на капитал, формите на финансирање и да користат методи на капитално буџетирање. - Ги разберат ефектите на економските кризи врз реалниот сектор и макроекономскиот амбиент. - Ги применат адекватните економетриски модели за анализа и проектирање на економски и финансиски показатели.

- **Развојна економија и политичка економија**
  Цели на предметот: Воспоставување основа за размислување за улогата на политичката економија во разбирањето на економскиот развој. Разбирање на некои теоретски концепти во политичката економија, со илустрации од земјите во развој секогаш кога е тоа можно. Разбирање на емпириски докази во економијата како што се: Што претставува добра емпириска студија? Како учиме за светот емпириски? Кои се некои од техниките што можеме да ги користиме за подобро разбирање на светот?

- **Економија на трудот и индустриски односи**
  Основната цел на предметот „Економија на трудот“ е студентите да стекнат основни знаења од областа на теоријата на пазарот на трудот и механизмот на неговото функционирање во пазарната економија. Предметот „Економија на работата“ има мисија да им понуди и да ги научи студентите на главните категории, закони и принципи според кои функционира пазарот на трудот. Преку предметот се дава детален приказ на однесувањето и улогата што ја играат главните агенти на пазарот на труд: поединци, фирми и владата. Анализата се заснова на двете основни категории побарувачка и понуда на работа, кои наоѓаат примена во речиси сите теми опфатени во овој предмет. Знаењето стекнато од студентите на овој предмет служи како основна теоретска основа неопходна за разбирање на различните теории и политики кои се применуваат на пазарот на трудот. Предметот има за цел студентите да разберат како различните пазари на труд го дистрибуираат и ефикасно го користат реткиот фактор на производство: трудот. Исто така, предметот има за цел да го поврзе пазарот на трудот во однос на индустријата.